**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА БАРАЊЕ НА ПОЗАЈМИЦА НА ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ" – П.О. –СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за барање на позајмица на ЈП „Национални шуми" – п.о. – Скопје, бр.02-689/2 од 21.12.2023 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 21.12.2023 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-13164/4
26 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

---

**4915.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, на седницата, одржана на 26 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во врска со донесувањето на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за заем бр. 0202-2879 од 25.12.2023 година, донесена од Одборот на директори на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, на седницата, одржана на 25.12.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-13812/3
26 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi**, с.р.

## СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

**4916.**

Врз основа на член 116 став 2 и 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл весник на РМ" бр. 98/2012...79/2023 година), и член 4 од Правилникот за работа на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бр 03- 06/420 од 4.7.2014 година, Одборот на седницата одржана на 22.12.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВРЕМЕНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАДРШКАТА ЗА СОЛИДАРЕН ФОНД - ПОСМРТНА ПОМОШ, ЧЛЕНАРИНА И ВИСИНАТА НА ИСПЛАТАТА НА ПОСМРТНА ПОМОШ**

Член 1

Висината на задршката за солидарен фонд - посмртна помош, изнесува 140,00 денари за период од 1 јануари до 30 јуни 2024 година.

Член 2

Висината на исплатата на посмртна помош што се исплатува на членовите на семејствата на починат пензионер, изнесува 35.000 денари за починати пензионери од 1 јануари 2024 година.

Член 3

За членување во здружение на пензионери (членарина) висината на членарината изнесува 30,00 денари.

Член 4

Со ова одлука престанува да важи Одлуката за висината на задршката за солидарен фонд - посмртна помош, членарина и висината на исплатата на посмртната помош бр.02-06/313-3 од 9.6.2023 година („Сл весник на РСМ" бр. 139/2023 год од 30.6.23 г.).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари до 30 Јуни 2024 година.

Бр. 02-06/536/4
27 декември 2023 година
Скопје

Одбор на Регистрирана
организација за солидарен
фонд и членарина
Претседател,
**Ментор Ќоку**, с.р.